Германија  ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ГОЛЕМИНА
Германија се наоѓа во регионот Средна Европа. Приморскиот дел на државата е на север, каде таа граничи со Данска. На запад од полуостровот Јиланд, Германија излегува на Северно Море, а на исток на Балтичкото Море.
Со Килскиот Канал, на споменатиот полуостров, овие морињa се поврзани.
Покрај со Данска, Германија граничи и со: Полска и Чешка на исток, Швајцарија и Австрија на југ и Холандија, Белгија, Луксембург и Франција на Запад. Во овие граници зафаќа површина од околу 357 000 км².
- БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ И РЕЛЈЕФ -Брегот на Германија не се одликува со значајна брегова разгранетост, со исклучок на некои помали острови и заливи. Релјефот е разновиден, и се состои од 3 целини: Северна, Средна и Јужна Германија. Северниот дел е најнизок. Низ него поминуваат голем број на реки кои се меѓу себе поврзани со канали. Тука се простира Германската Низина. Во Средна Германија низините преминуваат во ридски терени и ниски планини. Тоа се стари планини до 800 м н.в. кои се прекриени со густи шуми. Такви се: Харц, Ајфел, Тириншка шума и др. Јужна Германија се одликува со повисоки планини. Тука се простираат: Баварските Планини и Баварската Висорамнина, како и планината Шварцвалд и некои други планини.
- КЛИМА Во Германија се застапени неколку климатски типови. Во северните крајбрежни делови е застапена атлантската клима. Во најголем дел од територијата на државата е застапена континентална клима, додека во најјужните планински предели е застапена планинската клима.
- ХИДРОГРАФИЈА Реките во Германија припаѓаат во сливовите на: Северно, Балтичко и Црно Море. Поголеми и позначајни се реките: Рајна, Везер и Лаба (слив на Северно Море) и Дунав (Црноморски слив). Реките во Германија се поврзани со густа мрежа од речни канали. Најголем меѓу нив

е каналот Мителанд, кој ги поврзува реките Рајна, Везер, Лаба и Одра. Од езерата најголемо е Боденското Езеро, на границата со Швајцарија.
- НАСЕЛЕНИЕ Во Германија денес живеат околу 83 000 000 жители, со што е втора најнаселена држава во Европа. Според тоа просечната густина на населеност изнесува околу 232 ж/км кв. Во Германија учеството на старо население е високо, но тоа би било уште поизразено доколку државата не беше најпривлечна Европска дестинација за голем број на доселеници. Па така околу 20 % од населението во Германија се од негерманско потекло. Од нив 10 % потекнуваат од Европа, а 9 % од Азија. Од сите доселеници најбројни се Турците со учество во вкупното население од 3,5 %.  Според религиозната припадност христијани се околу 59 %, нерелигиозни 35 % и муслимани околу 6 %.
- НАСЕЛБИ Германија се одликува со голем број на големи градови, што се должи пред се на константниот индустриски развој, а тоа е предуслов за постојано доселување во нив на бројна работна сила, од земјата но и од други држави. Главен и најголем град е Берлин (околу 4 милиони жители). Други милионски градови во Германија се и градовите: Хамбург, Минхен и Келн.
- СТОПАНСТВО Во стопански поглед Германија е една од најразвиените земји во Европа и една од водечките земји во стопански поглед во светот. Тука може да се каже дека се развиени сите видови на индустрија, а особено значајни се: металната, машинската, електротехничката, хемиската, текстилната, бродоградбената и прехрамбената. Посебно развиени индустриски региони се областите Рур и Сар, во западниот дел од Германија. Германија, заедно со Кина, Јапонија и САД, е најголем производител на автомобили во Светот.  Сообраќајот и туризмот исто така се особено развиени стопански гранки.

Задачи за Германија

1.По веќе познатата методологија во изработување на проекти за Земјите на Европа, овојпат изработете презентација за Германија како средноевропска земја.
Изработените презентации пратете ги во нашата група.